РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 08 - 1222/28
28.03 2025 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РМ” бр. 10/20), членовите 50 и 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 05/2002), членовите 44-г, 44-д и 44-ѓ од Статутот на Општина Велес, како и Мислењето на Иницијативниот одбор за конституирање на Локално собрание на млади (арх. бр. 11-1222/27, од 27.03.2025 година),

Градоначалникот на Општина Велес, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на Локално собрание на млади на Општина Велес**

1. Со ова Решение се формира Локално собрание на млади на Општина Велес.

2. Врз основа на спроведената постапка за Јавен повик за членство во Локално собрнаие на млади на Општина Велес, распишран од Иницијативниот одбор за конституирање на Локалното собрание на млади, објавен на интернет страницата на Општина Велес, на 17 март 2025 година (понеделник), како и врз основа на Записникот од одржаниот состанок на членовите на Иницијативниот одбор за разгледување на пријавите поднесени по Јавниот повик за членство во Локално собрание на млади (арх. бр. 11-1222/26, од 26.03.2025 година), за членови на Локалното собрание на млади се назначуваат:

- **Алекс Трајков, делегат,** номиниран од УМС на ВМРО-ДПМНЕ, Велес,
- **Ивона Јовиќ, заменик делегат,** номинирана од УМС на ВМРО-ДПМНЕ, Велес,
- **Марко Ангелов, делегат,** номиниран од Фондација „Импакт нет”, Велес,
- **Александар Јордановски, заменик делегат,** номиниран од Фондација „Импакт нет”, Велес
- **Кристијан Мартинов, делегат,** номиниран од Еколошко друштво „Вила зора”, Велес,
- **Ивана Јанкуловска, заменик делегат,** номинирана од Еколошко друштво „Вила зора”, Велес,
- **Лилјана Андовска, делегат,** номинирана од Фондација за локален развој и демократија „Фокус”, Велес,
- **Мила Петковска, заменик делегат,** номинирана од Фондација за локален развој и демократија „Фокус”, Велес,
- **Ања Трајковска, делегат,** номинирана од Организација на жените на Општина Велес.
- **Теона Гаштарска, заменик делегат,** номинирана од Организација на жените на Општина Велес.

3. Членовите на Локалното собрание на млади работат на спроведување на активностите на Собранието, учествуваат во подготовка на документи и други активности.

4. Локалното собрание на млади врши избор на членови на Локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите на Собранието.

5. За избрани членови на Локалниот младински совет се сметаат оние кандидати кои освоиле најмногу гласови од страна на присутните делегати.

6. Решението влегува во сила од денот на донесувањето.

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев

**Доставено до:**

- Именуваните;
- Одделение за јавни дејности и
- Списи и архива.

Подготвил: Владимир Смилев
Контролирал: Верица Тодоровска Дацева
Одобрил: Анита Пивкова
Согласен: Марија Чатмова

Образложение

Општина Велес на ден 17.03.2025 година, на интернет страницата го објави Јавниот повик за членство во Локално собрание на млади на Општина Велес (арх. бр. 11-1222/17, од 14.03.2025 година).

По завршувањето на Повикот, Иницијативниот одбор за конституирање на Локалното собрание на млади на Општина Велес, заедно со Службеникот за млади во Општина Велес, одржаа состанок на 26.03.2025 година (среда), на кој беа разгледани пристигнатите пријави од формите на организирање и здружување на млади и беше извршена административна проверка на истите, со кои се номинираат кандидатите (делегати и заменици делегати) за членови во Локално собрание на млади на Општина Велес. За својата работа членовите на ИО подготвија Записник (арх. бр. 11-1222/26, од 26.03.2025 година), како и Мислење за формирање на Локално собрание на млади кое беше навремено доставено до Градоначалникот на Општина Велес (арх. бр. 11-1222/27, од 27.03.2025 година).

Имајќи го предвид горенаведеното и дека сите критериуми од Јавниот повик се исполнети, со ова Решение се формира Локалното собрание на млади на Општина Велес, со кое се назначуваат членови во истото.